МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Скопје, Февруари 2011

## ВОВЕД:

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Република Македонија и Европска унија (член 68), Република Македонија прифати обврска за усогласување на сопственото законодавство со законодавството на Европска унија, *aquis communautaire,* и уште од 2001 година спроведува Национална програма за усогласување на законодавството на Република Македонија со Европска унија.

Со определбата на Република Македонија за приклучување и полноправно членство во Европска унија, а особено по добивањето на позитивно мислење за кандидатски статус во Декември, 2005 година зајакната е обврската и одговорноста за прилагодување на земјоделско прехранбениот сектор кон Заедничката земјоделска политика (САР) на Европска унија.

Во областа на земјоделството, шумарството и водостопанството во Република Македонија во примена се околу дваесет закони и повеќе од 150 подзаконски акти кои се во исклучива надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Постојната законската регулатива која регулира одделни делови од областа на земјоделството задоволува и е применлива во праксата, а најголем дел од законите се во процес на хармонизација со Европска унија.

Едно од барањата во процесот на прилагодување на институциите кон ЕУ е воспоставување на национална мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

Податоците кои ги обезбедува мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства се користат за годишно утврдување на доходот на земјоделските стопанства, како и за економска анализа на земјоделски стопанства и проценка на состојбата во земјоделството и пазарите со земјоделски производи.

Основата за воспоставувањето и функционирањето на национална македонска мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства– Македонски ФАДН во согласност со регулативите на ЕУ е поставена со донесување на правната рамка Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр.110/07). Со законот се дефинираат податоците кои се собираат, земјоделските стопанства кои партиципираат и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци.

Според член 11 став 4 од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства подготвен е текстот на Правилникот за обемот и начинот на прибирање на сметководствените податоци, како и содржината на единствениот образец за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

По консултации со Секретаријат за законодавство, утврдено е дека Правилникот, во форма која ќе ги задоволи барањата на националното законодавство и Законодавството на ЕУ не може да биде донесен. Поради тоа направени се измени и дополнувања на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства согласно барањата на ЕУ регулативите за ФАДН. Согласно измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ќе биде создадена законската основа за донесување на подзаконските акти.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта за донесување на овој Закон е да се остварат во целост целите на законот преку воспоставувањето и функционирањето на национална македонска мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства– Македонски ФАДН во согласност со регулативите на ЕУ е поставена со донесување на правната рамка Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр.110/07). Со законот се дефинираат податоците кои се собираат, земјоделските стопанства кои партиципираат и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци.

Законот се засновува на следните начела:

- законитост,
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на земјоделството и руралните подрачја.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на законот не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Регулатива (ЕК) бр. 1217/2009 од 30 ноември 2009 година, Регулатива (ЕС) бр. 1242/2008 од 8 декември 2008 година, Регулатива (ЕС) бр. 868/2008 од 3 септември 2008 година и Регулатива (ЕК) бр. 1291/2009 од 18 декември 2009 година.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Член 1

Во Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ("Службен весник на Република Македонија" бр.110/07), членот 2 се менува и гласи:

1. **"Сметководствени податоци** се одредени технички, финансиски или економски податоци од земјоделско стопанство, добиени од сметководствената евиденција на земјоделското стопанство, водена редовно и систематски во текот на сметководствената година;
2. **Земјоделско стопанство** е економска единица под единствено управување (од едно или повеќе лица без оглед на сопственоста, правната форма, големина или локација) на чиј земјоделски имот (кој го поседува и/или располага) се врши земјоделска дејност, за кое се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон или семејно земјоделско стопанство;
3. **Семејно земјоделско стопанство** е самостојна стопанска и социјална единица која се заснова на комбинација од управување и сопственост и/или користење на земјоделски имот од членовите на семејството.
4. **Сметководствено стопанство** е земјоделско стопанство од кое се прибираат сметководствени податоци за потребите на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.
5. **Носител на семејно земјоделско стопанство** е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделското стопанство и кое истапува во име и за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Носител на земјоделско стопанство кое е правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон е самото правно лице, а одговорното лице на правното лице истапува во име и за сметка на тоа земјоделско стопанство.
6. **Регион** во однос на изборот на сметководствени стопанства е целата територија на Република Македонија според Номенклатурата на

територијалните единици за статистика (НТЕС) во Република Македонија (НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2).

7. **Сметководствена година значи календарска** година или друг период од 12 последователни месеци.
8. **Полето на истражување** ги опфаќа сите земјоделски стопанства со одредена економска големина, без оглед на тоа дали носителот на земјоделското стопанство е ангажиран во активности надвор од земјоделското стопанство.
9. **Стандард Аутпут** претставува стандардна вредност на бруто производството."

Член 2

Во членот 3 во став 1 во алинеја 1 по зборовите "земјоделско стопанство" се додаваат зборовите "во рамките на полето на истражување".

Член 3

Во членот 4 во став 1, алинеја 3 се менува и гласи "Одделението за сметководствени податоци за земјоделски стопанства во рамки на Министерството во улога на Канцеларија за врски (во понатамошниот текст: Канцеларија за врски).

Член 4

Во член 5 став 2 се брише.

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

(1)Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: министерот), формира Национален Комитет за мрежата за сметководствени податоци од земјоделско стопанство.

(2) Комитетот од став 1 на овој член, особено ги врши следниве задачи:

- го одобрува планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства според тип на земјоделското стопанство и класата на економска големина согласно типологијата на земјоделски стопанства од член 8, став 1 на овој закон;
- го одобрува извештајот за реализација на планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства;
- дава мислење за договорот подготвен од Канцеларија за врски согласно со член 12 став 2 на овој закон и доставен до Комитетот согласно член 7 став 2 алинеја 9 на овој закон;
- дава мислење по сите прашања кои се од значење за одржливо функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

(3) Комитетот од став 1 на овој член е составен од десет члена, и тоа:

- два члена назначени од министерот,
- два члена назначени од министерот за финансии,
- еден член од Факултет/високообразовна институција за земјоделски науки од областа на економика и/или организација на земјоделството.,
- еден член од Канцеларија за врски од член 7 на овој закон,
- еден член од Заводот од член 8 на овој закон,
- еден член од Агенцијата од член 9 на овој закон,
- еден член претставник на здруженијата од областа на земјоделството и

- еден член претставник на стопанските комори.

(4) На конститутивната седница Комитетот од став 1 на овој член донесува Деловник за работа со кој се уредува начинот на работа на Комитетот и избира претседател на Комитетот и негов заменик од редот на членовите од став 3 на овој член.

(5) Одлуките од став 2 од овој член се донесуваат по пат на едногласно усвоено решение.

(6) Доколку Комитетот не успее да донесе одлука согласно став 5 на овој член во рок од еден месец од приемот на потребата за донесување на одлука поврзана со задачите од став 2 од овој член, ќе одлучи Претседателот на Комитетот во консултација со Канцеларијата за врски..

(7) Општите и административни услуги поврзани со работата на Комитетот ќе бидат обезбедени од страна на Министерството. “

Член 6

Во член 7 став 2 се менува и гласи: “Канцеларијата за врски од став 1 на овој член ги има особено следниве обврски:

- утврдува регион за потребите на мрежата и пресметката на Стандард Аутпут коефициентите од став 2, алинеја 2 на овој член;
- подготвува Стандард Аутпут коефициенти и ги доставува до Заводот од член 8 на овој закон за потребите за воспоставување типологија на земјоделски стопанства согласно член 8, став 1 на овој закон;
- го одобрува доставениот табеларен приказ на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства подготвен од Заводот од членот 8 на овој закон со цел за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства;
- го подготвува планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства согласно член 15, став 4 на овој закон и го доставува до Комитетот од член 6 на овој закон на одобрување;
- го подготвува извештајот за реализација на планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства и го доставува до Комитетот од член 6 на овој закон на одобрување;
- го одобрува доставениот список на репрезентативни земјоделски стопанства од Агенцијата од член 9 на овој закон;
- го информира Комитетот од член 6 на овој закон за напредокот на работата поврзана со прибирање и користење на сметководствени податоци од земјоделски стопанства за потребите на мрежата;
- секоја година на мислење до Комитетот поднесува договор склучен со Агенцијата, согласно член 12 став 2 на овој закон;
- ги верификува сметководствените податоци претставени во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства од член 11, став 1 на овој закон, доставени од Агенцијата од член 9 на овој закон и
- ги подготовува и објавува обработените збирни сметководствени податоци, во свои публикации.”

По ставот 2 се додаваат три (3) нови става (3)(4)и(5) кои гласат:

(3) “На барање на Канцеларијата за врски, Комитетот, Агенцијата и Заводот од член 4 на овој закон се должни да ги достават сите информации и податоци до Канцеларијата за врски, во врска со доделените задачи и должности од членовите 6, 8 и 9 на овој закон.

(4) На барање на Европската Комисија, доставувањето на Стандард Аутпутите, како и сите податоци и информации од мрежата го врши Канцеларијата за врски.

(5) Методологијата за пресметка на Стандард Аутпут коефициентите од став 2, алинеја 2 на овој член и процедурата за прибирање на соодветни податоци ги пропишува министерот.”

Член 7

Членот 8 се менува и гласи:

(1) “За потребите на мрежата, а врз основа на доставените Стандард Аутпут коефициенти од член 7 на овој закон и податоците од структурните истражувања на земјоделските стопанства, Канцеларијата за врски и Заводот се надлежни за воспоставување на типологија на земјоделските стопанства.

(2) Типологијата од став 1 на овој член е единствена класификација на земјоделските стопанства според нивниот тип на земјоделско производство и економска големина, како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство.

(3) Заводот по барање од Канцеларијата за врски од член 7 на овој закон, подготвува табеларен приказ на план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за прибирање на сметководствени податоци за потребите на мрежата и го доставува до Канцеларијата за врски.

(4) Министерот со актот од член 7 став 5 на овој закон ја пропишува методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства од став 1 на овој член, класификацијата на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства, како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство.”

Член 8

Во членот 9 став 2, алинеја 1 зборовите “склучува договори” се заменува со зборовите “потпишува согласност”.

Во членот 9 став 2, алинеја 3 зборот “земјоделски” се заменува со зборот “сметководствените”.

Во членот 9 став 2 алинеја 4 зборот “Одделението” се менува со зборовите “Канцеларија за врски”.

Член 9

Членот 10 се менува и гласи:

(1) “Полето на истражување на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ги опфаќа земјоделските стопанства кои имаат економска големина која е еднаква, или поголема од утврден праг..

(2)Прагот од став 1 на овој член одговара со еден од најниските лимити на класите на економска големина на земјоделски стопанства утврдени според типологијата на земјоделските стопанства од член 8 став 1 на овој закон и се изразува во евра.

(3) Земјоделско стопанство се квалификува како сметководствено стопанство доколку ги исполнува следниве услови:

- да е пазарно ориентирано и да има минимална економска големина утврдена согласно став 1 на овој член;
- да претставува репрезентативен примерок на ниво на регионот во рамките на полето на истражување;

- носителот на земјоделското стопанство да води сметководствена евиденција или да е подготвен да започне да води сметководствена евиденција и да е согласен сметководствените податоци од земјоделското стопанство да ги направи достапни за потребите на мрежата.

(4) Министерот со актот од член 7 став 5 го утврдува максималниот број на сметководствени стопанства од став 2 на овој член, како и минималната економска големина на сметководствените стопанства од став 2, алинеја 1 на овој член.”

Член 10

Во насловот на глава 3 зборот “обработка” се заменува “пресметка”.

Член 11

Членот 11 се менува и гласи:

(1) Сметководствените податоци обезбедени преку мрежата неопходни за годишно определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на нивното деловното работење, се претставуваат во Единствен образец за утврдување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства кој ги вклучува најмалку следниве податоци:

- општи информации за земјоделското стопанство, особено број на земјоделското стопанство доделен за целта на прибирање на сметководствени податоци, опис на локација на земјоделско стопанство, тип на земјоделско производство и класа на економска големина;
- површина на земјоделското земјиште на земјоделското стопанство во согласност сопственичката структура;
- расположливи човечки ресурси (сопствена и ангажирана работна сила);
- број и вредност на добитокот на почетокот и на крајот на сметководствената година, по видови и категории на добиток;
- набавка и продажба на добиток во сметководствената година, по видови на добиток;
- трошоци во врска со земјоделското производство;
- основни и обртни средства со кои располага земјоделското стопанство во сметководствената година;
- долгови;
- данок на додадена вредност (ДДВ),
- грантови, субвенции и директни исплати;
- обем на производство на производи од растително и животинско потекло во сметководствената година; и
- дополнителни сметководствени податоци потребни за остварување на целите од член 3 на овој закон.

(2) Сметководствените податоци од став 1 на овој член се обезбедуваат за секое сметководствено стопанство кое е дел од мрежата и истите се анонимни.

(3) Сметководствените податоци од став 1 на овој член се претставуваат во форма и содржина која овозможува:

- класификација на земјоделското стопанство по тип на земјоделско производство и економска големина на земјоделското стопанство;
- проценка на доход на земјоделското стопанство во сите форми и
- проверка на веродостојноста на дадените податоци по пат на контрола на местото на производство.

(4) Формата и содржината на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските

стопанства од став 1 на овој член, како и дефинициите и инструкциите за негово пополнување со актот од член 7 став 5 ги пропишува Министерот.”

Член 12

Член 12 став 1 и став 2 зборот “Одделението” се менува со зборовите “Канцеларија за врски”.

Член 12 став 3 алинеја 1 се менува и гласи:

“- обемот и формата на сметководствените податоци од член 11, став 1 на овој закон.”

Во став 3 алинеја 3 зборот “собраните”се брише.

Во став 3 алинеја 6 зборот “со”се брише.

Член 13

Во член 13 став 1 зборот “договор” се заменува со “согласност”.

Во став 2 зборот “договорот” се заменува со “согласноста”.

Во став 2 алинеја 1 зборот “обемот” се заменува со “содржината”, а зборовите “став 4” се бришат.

Член 14

Членот 15 се менува и гласи:

(1) Врз основа на одобрениот план за избор од член 6 став 2 алинеја 1, Агенцијата од член 9 на овој закон, на барање на Канцеларијата за врски од член 7 на овој закон, ќе подготви список на репрезентативни земјоделски стопанства, со цел за прибирање на сметководствени податоци и ќе го достави споменатиот список до Канцеларијата за врски.

(2) Списокот ќе содржи:

- број на земјоделско стопанство, име, презиме и адреса на носителот на земјоделско стопанство и
- тип на земјоделско производство и класа на економска големина на земјоделското стопанство.

(3) Планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства мора да обезбеди целосна репрезентативност на земјоделските стопанства од кои се прибираат сметководствени податоци за потребите на мрежата.

(4) Планот од став 3 на овој член, особено содржи:

- Детали на кои е заснован планот, а особено:

а. податоци за статистичките извори;

б. процедури за стратификација на полето на истражување во согласност со утврдениот регион од член 7, став 2, алинеја 1 на овој закон и типовите на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделски стопанства утврдени согласно типологијата на земјоделските стопанства од член 8, став 1 на овој закон;

в. процедури за определување на процентот на избор, избран за секој стратум;

г. процедури за избор на сметководствени стопанства)

- Преглед на земјоделските стопанства во полето на истражување по типови на земјоделско производство и класи на економска големина дефинирани во типологијата на земјоделски стопанства, кој кореспондира најмалку со основните типови земјоделски стопанства;
- Број на сметководствени стопанства кои треба да се селектираат за секој стратум;
- Потреба за подготовка на нов план; и
- Рокови за подготовка на планот."

Член 15

Во член 16 став 2 алинеја 2 зборот "Одделението" се заменува со зборовите "Канцеларија за врски".

Во член 16 став 2 алинеја 3 зборовите "членот 8" се заменуваат со зборовите "член 9".

**Член 16**

(1) Поблиските прописи утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 17**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Заради потребата од приоритетно уредување на земјоделско прехранбениот сектор, како и заради хармонизација на македонското законодавство со acquis communautaire, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: МЗШВ) во рамките на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), донесена од страна на Владата на РМ на 13.04.2007 година по добивање на позитивно мислење од страна на Комисијата за европски прашања на Собранието, предвиде и донесување на измени и дополнувања на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

Основата за воспоставувањето и функционирањето на национална македонска мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства– Македонски ФАДН во согласност со регулативите на ЕУ е поставена со донесување на правната рамка Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр.110/07). Со законот се дефинираат податоците кои се собираат, земјоделските стопанства кои партиципираат и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци.

Податоците кои ги обезбедува мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства се користат за годишно утврдување на доходот на земјоделските стопанства, како и за економска анализа на земјоделски стопанства и проценка на состојбата во земјоделството и пазарите со земјоделски производи.
Според член 11 став 4 од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства подготвен е текстот на Правилникот за обемот и начинот на прибирање на сметководствените податоци, како и содржината на единствениот образец за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.
По консултации со Секретаријат за законодавство, утврдено е дека Правилникот, во форма која ќе ги задоволи барањата на националното законодавство и Законодавството на ЕУ не може да биде донесен. Поради тоа направени се измени и дополнувања на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства согласно барањата на ЕУ регулативите за ФАДН. Согласно измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ќе биде создадена законската основа за донесување на подзаконските акти.

## I. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства содржи 15 члена со кои се дефинираат нови употребени поими во законот, се до прецизираат некои одредби, а како позначајни новини се:

- Промена на обврските на Националниот Комитет;
- Промена на обврските на Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот закон за статистика и Телото за прибирање на сметководствени податоци;
- Дефинирање на полето на истражување на мрежата за сметководствени податоци од земјоделски стопанства;
- Дефинирање на начинот на избор на репрезентативни земјоделски стопанства, како и пресметката на податоците и нивното користење.

## II. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗНЕСАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Во процесот на пристапување кон ЕУ, земјоделството и безбедноста на храната претставуваат најтешко и најсложено поглавје во преговарачкиот процес во кој преговорите траат најдолго и најбавно. Тоа не е само заради сложеноста на областа, туку и затоа што со пристап на државите кон ЕУ, овој сектор ги користи позициите и погодностите на ЕУ до нивото кое го имал при приемот во Унијата.

Затоа создавањето на правна рамка за уредување на овој сектор и нејзино оспособување за поинтензивен развој претставуваат приоритети на Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Владата) и на државата во целина.

Се очекува дека со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ќе се овозможи заокружување на законската рамка и донесување на подзаконските акти и ќе се создадат услови за реализација на овие приоритети, особено ако се има в предвид дека мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства и податоците кои ќе се прибираат преку истата претставуваат основен сегмент на Земјоделскиот Информативен Систем во кој се слеваат и од кој се

црпат сите податоци потребни за креирање, спроведување и контрола на земјоделската политика.

Со реформите во законската легислатива предвидено е преку Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства да се создаде правна рамка за идентификација на годишен доход на земјоделско стопанство и економска анализа на земјоделски стопанства и проценка на состојбата во земјоделството и пазарите со земјоделски производи.

Покрај ова, Мислењето на ЕУ по однос на кандидатурата на РМ за членство во ЕУ ги лоцира пунктовите во кои треба да се направат реформи и да се подобри состојбата во областа, при што особено е потенцирана потребата од уредување на односите на пазарот и цените, јакнење на институциите и органите за креирање и спроведување на мерки на аграрната политика, во чии рамки секако спаѓа и мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства која е предмет на овој закон.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИТЕ ОД ТЕКСТОТ НА ЗАКОН ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МРЕЖА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА КОЈ ШТО СЕ МЕНУВААТ

### Член 2
### Значење на поимите

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Сметководствени податоци** се одреденн технички, финансиски или економски податоци од земјоделско стопанство, добиени од сметководствената евиденција на земјоделското стопанство, водена редовно и систематски во текот на сметководствената година;

2. **Земјоделско стопанство** е организационо и деловно заокружена стопанска целина на која се врши земјоделска дејност и за која се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поседува и/или располага со земјоделски имот. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно лице и/или семејно земјоделско стопанство;

3. **Носител на земјоделско стопанство** е правно или физичко лице запишано во единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и

4. **Сметководствена година** значи календарска година или друг период од 12 последователни месеци.

### Член 3

Мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (во натамошниот текст: мрежата) е наменета за:

- идентификација на годишен доход на земјоделско стопанство и
- економска анализа на земјоделски стопанства и процена на состојбата во земјоделството и пазарите со земјоделски производи.

### Член 4

Во мрежата се вклучени следниве субјекти и институции:

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот

текст: Министерството),
- Националниот комитет за мрежата за сметководствени податоци од земјоделско стопанство (во натамошниот текст: Комитетот),
- Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Одделението), во својство на Агенција за врски,
- Државен завод за статистика (во натамошниот текст: Заводот),
- Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со седиште во Битола (во натамошниот текст: Агенцијата), во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства и
- Земјоделските стопанства.

Член 5

1) Министерството е единствен државен орган кој има надлежност за воспоставување и реализација на мрежата и е основен корисник на податоците од истата, во функција на реализацијата на целите од членот 3 на овој закон.

2) Во рамките на мрежата, Министерството од ставот 1 на овој член:
- го одобрува планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци, врз основа на мислењето на Комитетот од членот 6 став 3 алинеја 1 на овој закон,
- го одобрува списокот на репрезентативни земјоделски стопанства, врз основа на мислењето на Комитетот од членот 6 став 3 алинеја 2 на овој закон,
- го одобрува договорот за прибирање на податоци од репрезентативни земјоделски стопанства врз основа на мислењето на Комитетот од членот 6 став 3 алинеја 3 на овој закон и
- ги усвојува обработените збирни сметководствени податоци пред нивното објавување.

Член 6

1) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанс-тво (во натамошниот текст: министерот), формира Национален комитет за мрежата за сметководствени податоци од земјоделско стопанство.

2) Комитетот од ставот 1 на овој член е советодавно тело кое дава мислења на министерот во однос на прибирањето, обработката и користењето на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

3) Комитетот од ставот 1 на овој член ги врши следниве задачи:
- дава мислење за планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци,
- дава мислење за извештајот за изборот на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци и - дава мислење за договорот подготвен од Одделението согласно со членот 12 став 2 на овој закон и доставен до Комитетот согласно член 7 став 2 алинеја 7 на овој закон.

4) Комитетот од ставот 1 на овој член е составен од десет члена, и тоа:
- два члена назначени од министерот,
- два члена назначени од министерот за финансии,
- еден член од Факултетот за земјоделски науки и храна - Катедра за економика и организација на земјоделството,
- еден член од Одделението од членот 7 на овој закон,
- еден член од Заводот од членот 8 на овој закон,
- еден член од Агенцијата од членот 9 на овој закон,
- еден член претставник на здруженијата од областа на земјоделството и
- еден член претставник на стопанските комори.

5) На конститутивната седница Комитетот од ставот 1 на овој член донесува Деловник за работа со кој се уредува начинот на работа на Комитетот и избира претседател на Комитетот и негов заменик од редот на членовите од ставот 4 на овој член.

6) Мислењата од ставот 3 на овој член се донесуваат по пат на едногласно усвоено решение.

7) Доколку Комитетот не успее да донесе мислење согласно со ставот 6 на овој член во рок од еден месец од приемот на потребата за консултација поврзана со задачите од ставот 3 на овој член, ќе одлучи министерот.

8) Општите и административни услуги поврзани со работата на комитетот ќе бидат обезбедени од страна на Министерството.

Член 7

1) За потребите на овој закон, Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на Министерството ќе има улога на Агенција за врски.

2) Одделението од ставот 1 на овој член ги врши следниве задачи:

- подготвува и доставува до Министерството и Комитетот од членот 6 на овој закон план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци, најдоцна три месеца пред почетокот на наредната сметководствена година;
- на Заводот од членот 8 на овој закон му поднесува план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за прибирање на сметководствени податоци, со цел за подготовка на список на споменатите земјоделски стопанства;
- подготвува и доставува извештај до Министерството и Комитетот од членот 6 на овој закон за изборот на репрезентативни земјоделски стопанства со цел за прибирање на сметководствени податоци најдоцна еден месец пред почетокот на наредната сметководствена година;
- на Комитетот од членот 6 на овој закон му доставува мислење за напредокот на работата поврзана со прибирање и користење на сметководствени податоци;
- секоја година на мислење до Комитетот поднесува договор склучен со Агенцијата, согласно со членот 12 став 2 на овој закон;
- ги верификува податоците собрани и доставени од Агенцијата од членот 9 на овој закон и истите ги доставува до Министерството и
- ги подготвува и објавува обработените збирни сметководствени податоци, во свои публикации.

Член 8

1) За потребите на овој закон, Заводот ќе има улога во изборот на репрезентативни земјоделски стопанства врз основа на податоците од земјоделскиот попис.

2) Заводот од ставот 1 на овој член врз основа на планот за избор на репрезентативни земјоделски стопанства од членот 7 став 2 алинеја 1 на овој закон, подготвува список на репрезентативни земјоделски стопанства согласно со постапката од членот 15 на овој закон.

3) Заводот од ставот 1 на овој член ќе го изготви и достави до одделението списокот од ставот 2 на овој член најдоцна два месеца пред почетокот на наредната сметководствена година.

Член 9

1) За потребите на овој закон, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ќе има улога на тело за прибирање на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства.

2) Агенцијата од ставот 1 на овој член ги врши следниве задачи:
- склучува договори со носителите на земјоделските стопанства од кои ќе се прибираат сметководствени податоци,
- им помага на носителите на земјоделските стопанства во подготовката на сметководствените податоци,
- ги собира и внесува во електронска форма сметководствените податоци од земјоделски стопанства и
- ги доставува до Одделението од членот 7 на овој закон сметководствените податоци во обем и форма согласно со членот 11 од овој закон.

Член 10

1) Земјоделско стопанство може да биде дел од мрежата доколку ги исполнува следниве услови:
- да е пазарно ориентирано и да има минимална економска големина утврдена од страна на Министерството,
- да претставува репрезентативен примерок на ниво на регионот и државата и
- носителот на земјоделското стопанство да води сметководствена евиденција или да е подготвен да започне да води сметководствена евиденција и да е согласен сметководствените податоци од земјоделското стопанство да ги направи достапни за потребите на мрежата.

Член 11

1) Сметководствените податоци кои се предмет на прибирање преку мрежата вклучуваат:
- општи информации за земјоделското стопанство и особено број за идентификација доделен за целта на прибирање на сметководствени податоци, опис на локација на земјоделско стопанство и тип на земјоделско производство,
- површина на земјиштето на земјоделското стопанство во согласност со сопственичката структура,
- расположливи човечки ресурси (сопствена и ангажирана работна сила),
- број и вредност на домашни животни на почетокот и на крајот на сметководствената година и полугодишна состојба, по видови и групи,
- набавка и продажба на домашни животни во сметководствената година, по видови,
- трошоци во врска со земјоделското производство,
- средства на земјоделското стопанство и располагање со нив во сметководствената година,
- долгови и побарувања,
- данок на стоки и услуги (ДДВ),
- грантови, субвенции и директни исплати,
- продажба на производи од растително и животинско потекло во сметководствената година,
- доделени ограничувања на земјоделско производство и
- дополнителни сметководствени податоци потребни за остварување на целите од членот 3 на овој закон.

2) Сметководствените податоци од ставот 1 на овој член се прибираат од земјоделското стопанство во форма која овозможува:
- типизирање на земјоделското стопанство во однос на основните елементи на неговите производни фактори,

- процена на доход на земјоделското стопанство во сите форми и
- проверка на веродостојноста на дадените податоци по пат на контрола на местото на производство.

3) Сметководствените податоци се собираат преку единствен образец.

4) Министерот го пропишува обемот и начинот на прибирање на сметководствените податоци од ставот 1 на овој член, како и содржината на единствениот образец од ставот 3 на овој член, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Член 12

1) Сметководствените податоци од членот 11 на овој закон ги прибира Одделението со посредство на агенцијата.

2) Одделението ќе склучи годишни договори со агенцијата за прибирање на сметководствени податоци од репрезентативни земјоделски стопанства пропишани во списокот на репрезентативни земјоделски стопанства од членот 15 став 1 на овој закон.

3) Договорот од ставот 2 на овој член го содржи најмалку следново:
- обемот на сметководствените податоци од членот 11 на овој закон кои треба да се соберат,
- бројот на земјоделски стопанства кои ќе обезбедат пристап до нивните сметководствени податоци,
- крајни рокови и начинот на испорака на собраните сметководствени податоци од сметководствената година,
- условите на плаќање на Агенцијата,
- формата на заштита на сметководствените податоци,
- формата на заштита на личните податоци на носителите на земјоделските стопанства согласно со прописите за заштита на личните податоци и
- казнени одредби за неисполнување на договорот.

Член 13

1) Сметководствените податоци се собираат од земјоделските стопанства чии носители се согласни за прибирање на сметководствени податоци во одредена сметководствена година и за тоа потпишале договор со Агенцијата.

2) Договорот од ставот 1 на овој член го содржи нај-малку следново:
- сметководствени податоци кои се предмет на прибирање во согласност со обемот од членот 11 став 4 на овој закон и крајните рокови на испорака на податоците,
- формата на заштита на сметководствените податоци и
- формата на заштита на личните податоци на носителите на земјоделските стопанства согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Член 15

1) Заводот врз основа на изработениот план за избор од членот 7 став 2 алинеја 1 ќе изготви, по пат на случаен избор, список на репрезентативни земјоделски стопанства, со цел за прибирање на сметководствени податоци и ќе го достави споменатиот список до Одделението.

2) Списокот ќе содржи:
- РЕГИОН (статистички број за идентификација) и
- име, презиме, ЕМБГ и адреса на носителот на земјоделското стопанство.

Член 16

1) Средствата за финансирање на мрежата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку посебна буџетска програма во буџетот на Министерството.

2) Следниве трошоци се прифатливи за финансирање од средствата наведени во ставот 1 на овој член:

- материјалните трошоци за работа на Комитетот од членот 6 на овој закон,
- трошоци на мрежата кои се однесуваат на Одделението, за реализација на задачите од членот 7 став 2 на овој закон,
- трошоци на мрежата кои се однесуваат на Агенцијата, за реализација на задачите од членот 8 став 2 на овој закон и
- трошоци за надоместок на земјоделските стопанства кои партиципираат во мрежата.